ОПШТИНА БИТОЛА

**Градоначалник**

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/2012, 55/13, 163/13 и 42/14) а во врска со член 123 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 199/14, 44/15193/15 и 31/16) Градоначалникот на Општина Битола го издава следното:

# СООПШТЕНИЕ

СЕ ИЗВЕСТУВААТ граѓаните и правните лица од просторот опфатен со **Нацрт Детален урбанистички план за индустриска зона „ГЕГОВ БУНАР„ Блок 1 – Општина Битола,** дека Градоначалникот на Општина Битола донесе Одлука за организирање на:

**ПОВТОРНА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА и ЈАВНА АНКЕТА по Нацрт Детален урбанистички план за индустриска зона „ГЕГОВ БУНАР„ Блок 1 – Општина Битола**

Границата на **Детален урбанистички план за индустриска зона „ГЕГОВ БУНАР„ Блок 1 – Општина Битола,** се движи: од почетна точка во пресекот на западната граница на КП бр. 17394 со осовината на планираната сообраќајница согласно ГУП на град Битола, на север продолжува по осовина на планираната сообраќајница согласно ГУП, на исток по осовина на индустриска улица, на југ по јужната граница на КП Бр. 17401 и 17402, на запад по западната граница на КП бр. 17402, 17400 и 17394 каде се спојува со почетната точка.

Опфатот на вака предложениот ДУП има површина од 3,2 ха.

Нацрт планот е утврден со Одлука на Советот на Општина Битола.

Повторната Јавна Презентација по Нацрт **Детален урбанистички план за индустриска зона „ГЕГОВ БУНАР„ Блок 1 – Општина Битола,** ќе се одржи на ден **27.05.2016 г. (петок) во 10.00 часот** во Салата на Совет на Општина Битола, на ул. Бул. 1 ви Мај бр. 61.

Нацртот на **Детален урбанистички план за индустриска зона „ГЕГОВ БУНАР„ Блок 1 – Општина Битола**, ќе биде изложен на огласна табла во просториите на Општина Битола почнувајќи од 27.05.2016 год. до 03.06.2016 год.

Во одредениот рок заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со Планот, анкетните листови ги предаваат во архивата на Општина Битола каде добиваат деловоден број.

Се повикуваат правните и физички лица од конкретното подрачје на Планот масовно да земат учество во јавната анкета, бидејќи тоа е од наш заеднички интерес.

08-716/3/2016
20.05.2016 год.
БИТОЛА

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Битола**
**Владимир Талески**

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија
тел: 047 234 234 047 208 340 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk